**Обраќање на Министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод промоција на 22 класа потпоручници и заклетва на 26 класа питомци**
**Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - 21.10.2022**

Почитувани присутни,

Да се одбере професијата да се биде војник, подофицер или офицер во македонската Армија само покажува дека вашата љубов кон татковината е огромна и дека сте цврсто решени да дадете сопствен придонес за нејзин развој, но пред се заштита, безбедност и сигурност за неа и за нејзините граѓани.

Оваа година одбележуваме 30 години Армија, 30 години континуирана посветеност, 30 години стожер на безбедност, стабилност и доверба.

Армијата на Република Северна Македонија е препознаена меѓу своите граѓани како институција која секогаш е подготвена да помогне и да одговори на сите предизвици, но истовремено и да даде свој придонес во одржување на мирот, безбедноста и стабилноста надвор од границите на нашата држава.

Во годината кога прославуваме 30 години Армија се потсетуваме и се гордееме со се што е постигнато. Се потсетуваме на предизвиците од 90тите години, на мудрите политички одлуки, на силната волја на припадниците на Армијата за создавање на независна, суверена и самостојна држава.

И токму тие, припадниците на Армијата низ сите овие години со својата решителност, упорност и мотивација, минувајќи низ бројни предизвици се пример кај граѓаните и влеваат доверба и сигурност.

Вие, новите офицери влегувате во Армијата, во која стандардите, редот и дисциплината се нејзин темел. Организација во која работат искусни професионалци, кои низ сите овие изминати години дадоа свој значаен придонес за развој на нашата Армија. И токму благодарение на овие искусни луѓе нашата Армија беше таа која нѐ водеше напред по нашиот пат за прием во најголемиот воено политички сојуз, НАТО Алијансата.

Благодарение на овие искусни луѓе се вршеа проценки и анализи, се изработуваа стратешки документи врз основ на кои се врши модернизацијата на Армијата. Се купува нова современа опрема и вооружување кои вам и на вашите колеги ќе ви бидат од

големо значење за извршување на задачите. Но, една Армија не е комплетна ако само се модернизира со опрема и вооружување. Вложувањето во секој еден од вас ја прави нашата Армија симбол на државноста.

Денес, овде меѓу вас се и питомци од Црна Гора и од Босна и Херцеговина и тоа ме радува. Затоа што создавате тим на млади офицери кои ги поврзува нешто повеќе од униформата, а тоа е почитта едни за други и ветувањето дека во иднина ќе направите се да ја гарантирате безбедноста и мирот во овој регион на кој сите припаѓаме. Гледајќи ве, однапред сум горда на сите заеднички успеси кои ќе ги постигнете.

И токму затоа со ентузјазам ве гледам како тим кој е подготвен да совладува секакви предивзици. Од денес секој од вас и се приклучува на Армијата. Внесувате нова енергија, прогресивни размислувања, но никогаш не заборајте на влогот на поранешните и сегашни искусни припадници на Армијата. Кон нив гледајте со голема почит, затоа што тие се заслужни за ова што имаме денес.

Почитувајте го минатото, славете ја историјата, но создавјте ваши дела по кои ќе бидете препознаени и запаметени.

Влегувањето во Армијата не го гледајте само како ваш работен ангажман, гледајте го како света должност и обврска да ја градите и браните Татковината. Современите безбедносни предизвици бараат и современи доктрини и технологии. Затоа, превземам обврска како министерка да обезбедам услови за ваша континуирана едукација и стручно усовршување. Секогаш ќе бидам на страната на она што е најдобро за вас, вие сте иднината на Македонија.

На професорите и останатиот персонал на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" лично сум им многу благодарна за нивниот придонес во развојот на она што го гледаме денес пред нас, нови офицери, потпоручници во редовите на македонската Армија, еден од столбовите на нашата држава.

Во овие мигови на радост, пред вашата промоција во офицери ви порачувам да продолжите со вашиот ентузијазам, со вашата енергија и посветеност во извршување на задачите кои ве очекуваат, затоа што од денес и вие сте лицето на Армијата!

Ви посакувам да нижите успеси во вашата работна кариера.